# ОПШТИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**Декември 2014 година**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Овие Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), (во понатамошен текст: Услови) се составен дел на договорот за осигурување лица од последици на несреќен случај што Договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

За сите права и обврски на договорните страни како и на трети лица што произлегуваат од договорот за осигурување, кои не се регулирани со конкретниот договор и овие Општи услови, се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

(2) Овие Општи услови не се применуваат на договорите за осигурување на лица од последици на несреќен случај за кои се предвидени Посебни услови, доколку во тие Услови не е предвидено да важат овие Општи услови.

(3) Со овие Услови се регулираат односите помеѓу Договорувачот на осигурувањето и Осигурувачот по договорените облици на осигурување за во случај на:

- смрт од последици на несреќен случај,
- трајна загуба на општата работна способност (инвалидитет),
- преодна неспособност за работа (дневен надомест),
- влошено здравје кое бара лекарска помош (трошоци за лекување)
- смрт поради болест,

Кои договорени облици на осигурување (ризици) ќе бидат покриени со осигурувањето, се утврдува во зависност од Тарифната група, односно лицата и начинот на кој тие се осигуруваат, а истите се регулирани и со Посебни и Дополнителни услови.

(4) Поодделни изрази во овие Услови значат:

-"**Осигурувач**"- акционерско друштво кое со договорот за осигурување се обврзува, во случај на настанување на штетен настан по ризиците покриени со договорот за осигурување, да го исплати на Корисникот на осигурувањето надоместот, согласно договорената осигурена сума,

-"**Договорувач**" - физичко или правно лице кое ќе склучи договор за осигурување со Осигурувачот;

-"**Осигуреник**" - лице од чија смрт, загуба на општа работна способност (инвалидитет) или нарушување на здравјето зависи исплатата на осигурената сума, односно надоместот;

-"**Корисник**" - лице на кое се врши исплата на надомест по остварен осигурен случај, најмногу до износот на осигурената сума, односно лице во чија корист се склучува договорот за осигурување;

-"**Полиса**" - договор за осигурување;

- "**Осигурена сума**" - највисок износ до кој Осигурувачот е во обврска кога ќе настани осигурен случај;

-"**Премија**" - износ кој Договорувачот е должен да го плати на Осигурувачот по договорот за осигурување;

- "**Лист на покритие**" - привремен доказ за склученото осигурување кој ги содржи битните елементи на договорот за осигурување,

- "**Осигурен случај**" - случај по кој се склучува склучува договорот за осигурување, а кој мора да биде иден, неизвесен и независен од волјата на Договорувачот, односно Осигуреникот, односно Корисникот.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 2

(1) Со Договорот за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), Договорувачот се обврзува да му уплати на Осигурувачот одредени парични средства (премија), а Осигурувачот се обврзува, доколку се случи осигурен случај, да му исплати на Осигуреникот или на Корисникот надомест - осигурената сума, односно нејзин дел.

(2) Договорот за осигурување и сите дополнувања, измени и известувања на договорот важат само ако се склучени во писмена форма, со соодветен документ (договор за осигурување) за потврда на истото, со потпис за физичко лице, односно потпис и печат од правниот субјекти во случај Договорувачот да е правно лице, а со почитување на член 3, став 2 и 3.

(3) Сите побарувања и изјави се благовремени ако се поднесени во рокот предвиден во овие Услови. Пријавата за штета се доставува директно кај вработено лице кај Осигурувачот овластено за пријава на штети, а денот на достава на пријавата и останатата документација се смета како ден на прием на барањето за надомест за штета.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 3

Договорот за осигурување е склучен кога Договорувачот и Осигурувачот ќе ја потпишат полиста за осигурување или листот на покритието.

Ако осигурувањето се однесува на случај на смрт на некој трет, односно Договорувачот и Осигуреникот се различни лица, за полноважноста на договорот е потребна писмена согласност од Осигуреникот дадена во полиста или во издвоено писмо, при потпишувањето на полиста, со назначување на осигурената сума

За полноважноста на осигурувањето за случај на смрт на трето лице постаро од 14 години е потребна писмена согласност од неговиот законски застапник, како и писмена согласност од секое осигурено лице.Ништовно е осигурувањето за случај на смрт на трето лице помладо од 14 години, како и на лице наполно лишено од деловната способност.

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 4

(1) По правило можат да се осигуваат лица од 14 до 64 години живот. Лица помлади од 14 и постари од 64 години можат да бидат осигурени само ако е тоа предвидено по посебни или дополнителни услови. Возрасната рамка во која лицата може да бидат примени во осигурување се одредува во секоја Тарифна група поодделно, но најмногу во рамката која е поставена во овој став.

(2) Лица чија општа работна способност е намалена поради некоја потешка болест или потешки телесни мани или недостатоци се осигуваат со наплата на зголемена премија.

(3) Лица кои се потполно лишени од деловна способност во секој случај се исклучени од осигурување, освен ако со закон не е поинаку одредено.

## ПОИМ ЗА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

### Член 5

(1) Како несреќен случај во смисла на овие Услови се смета секој ненадеен и од волјата на Договорувачот, Осигуреникот, Корисникот, независен настан кој дејствувајќи од надвор и нагло врз телото на Осигуреникот, има за последица негова смрт, целосен или делумен инвалидитет, преодна неспособност за работа или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош, а кој се случил на територијата на Република Македонија.

(2) Во смисла на претходниот став се сметаат како несреќен случај особено следните настани: газење, судурување, удар со некаков предмет или на некаков предмет, удар на електрична струја или гром, паѓање, лизнување, уривањеубод со некаков предмет, удар или каснување на животно и убод од инсекти, освен ако со таков убод е предизвикана некаква инфективна болест.

(3) Како несреќен случај се смета и следното:

1. труење со хемиски средства, освен кога станува збор за професионални заболувања;
2. труење со храна кое за последица има смрт на Осигуреникот;
3. инфекција на повреда предизвикана со несреќен случај (незгода);
4. изгореници со оган (индустриски или во случај на пожар) или електрицитет, изгореници со жежок предмет, течност или пареа, киселина, лужини и сл.;
5. давење и утопување како последица на несреќен случај (незгода);
6. гушење или задушување поради затрупување (со земја, песок и сл.);
7. прснување на мускули, исколчување, прснување на зглобните врски, кршење на здрави коски што ќе настане поради нагли телесни движења или ненадејни напрегнувања предизвикани со непредвиден надворешен настан, доколку тоа непосредно веднаш по повредата е утврдено во болница или друга здравствена установа;
8. дејствување на светлина, сончеви зраци, температури или лошо време, ако Осигуреникот се нашол во такви непредвидени околности што никако не можел да ги спречи, или бил изложен поради спасување на човечки живот;

(4) Не се сметаат како несреќен случај (незгода) во смисла на овие Услови:

1. сите заразни, професионални болести, сите видови малигни заболувања, сида, вирусни заболувања кои предизвикуваат смртни последици, како и последици од психички влијанија;
2. стомачна кила, кила на папокот, водени и останати видова на кила, освен оние што ќе настанат поради директно оштетување на стомачниот ѕид, под непосредно дејство на надворешна механичка сила на стомачниот ѕид, доколку веднаш по повредата е утврдена трауматична кила, кај која болнички покрај килата е утврдена повреда на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје;
3. инфекции и заболувања што ќе настанат поради разни форми на алергија, сечење или кинење жулеви или други израстоци на цврста кожа;
4. анафилактичен шок, освен ако настани при лекувањето поради настанат несреќен случај (незгода);
5. хернија дискус интервертебралис, сите видови лумбалгии, дископатии, спондилози, спониолизи, сакралгии, миофасцитис, кокцигодини, ишијалгии, фиброзитис и сите промени на слабинско-крстачна регија означена со аналогни термини;
6. одлепување на мрежницата (аблацио ретинае) на претходно болно или дегенеративно променето око, а со исклучок се признава одлепување на мрежницата на претходно здраво око, доколку постојат знаци на директна надворешна установа;
7. последици што настанале кај Осигуреникот поради алкохолно лудило (делиријум тременс), дејство на дрога или користење на лекарства кои не се препишани од страна на соодветно медицинско лице;
8. последици на медицински, особено оперативни зафати што се преземаат за лекување или превентива заради спречување на болести;
9. патолошки промени на коските, патолошки епифизиолози и патолошки скршеници;
10. системни невромускуларни болести и ендокрини болести;
11. состојби на набиеници, исчашувања и фисури на поедини органи и коски;
12. штети настанати како последица од огнено оружје или експлозивни материи.

## ПОЧЕТОК И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 6

(1) Договорот за осигурување се склучува:

1) за време од една година или пократко – краткорочно осигурување.

Краткорочното осигурување може да се склучи само со посебно одобрение од Управниот одбор, односно лице овластено од него.

2) со одреден рок на траење за време повеќе од една година – повеќегодишно осигурување.

(2) Осигурувањето започнува во 00:00 часот по истекот на оној ден што е означен во полиста како почеток на осигурувањето, ако понатаму не е договорено и престанува во 24:00 часот во оној ден што во полиста е договорен како ден на истек на осигурувањето.

(3) Без оглед на договореното траење на осигурувањето, осигурувањето престанува за секој поодделен Осигуреник во 24,00 часот, оној ден кога:

1) ќе настани смртта на Осигуреникот, или ќе му биде утврден инвалидитет од 100%;

2) Осигуреникот ќе стане делувно неспособен во смисла на членот 4 став (3) од овие Услови;

3) ќе истече годината на осигурувањето во која осигуреникот ќе наполни 64 години живот, односно онолку години живот колку во соодветната Тарифна група е утврдено како максимална возрасна граница за прием во осигурување;

4) ќе измине рокот од членот 11 ст. (3) на овие Услови, а премијата до тој рок нема да биде платена;

5) ќе биде раскинат договорот за осигурување во смисла на членот 18 од овие Услови.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 7

(1) Обврската на Осигурувачот започнува во 00:00 часот по истекот на оној ден што е означен во полиста како почеток на осигурувањето, со исклучок ако во полиста или дополнителните услови е поинаку договорено.

(2) Обврската на Осигурувачот престанува во 24:00 часот во оној ден што е означен како ден на истек на важност на осигурувањето означен во полиста.

(3) Обврската на Осигурувачот доколку штетата не е пријавена во рок на скаденца престанува со истекот на скаденцата.

## ОБЕМОТ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 8

(1) Кога ќе настане несреќен случај (незгода) во смисла на овие Услови, Осигурувачот ги исплатува износите договорени во договорот за осигурување и тоа:

1. осигурената сума за во случај на смрт, ако поради несреќниот случај (незгода) настапила смрт на Осигуреникот, односно осигурената сума за во случај на инвалидитет, ако поради несреќниот случај (незгода) настапил целосен 100% инвалидитет на Осигуреникот;
2. Процентот од осигурената сума за во случај на инвалидитет кој одговара на процентот на делумниот инвалидитет, ако поради несреќниот случај (незгода) настапил делумен инвалидитет на Осигуреникот;
3. Дневниот надомест, според член 15 став (10) од овие Услови, ако Осигуреникот поради несреќниот случај бил привременo неспособен за работа, односно за вршење на своето редовно занимање;
4. Надоместот на трошоците за лекување според членот 15 став (11), (12), (13) и (14) од овие Услови, ако на Осигуреникот поради несреќниот случај му била потребна лекарска помош и ако поради тоа имал трошоци за лекување.
5. Другите договорени обврски според посебни или дополнителни услови.

(2) Обврската на Осигурувачот од претходниот став постои, кога несреќниот случај (незода) настанал при вршење на онаа дејност што била изричито наведена во полиста (на пример, при вршење и својство како спортист, ловец, возач или патник на моторно возило, излетник, пожарникар, демонтер на мини, гранати и други експлозивни предмети, каскадер итн).

(3) Обврската на Друштвото за осигурување која произлегува од осигурување на патници во јавен превоз, не може да биде поголема од минималните суми на осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, освен ако со договорот за осигурување не е предвиден повисок износ.

Сите договорени и осигурени суми претставуваат горна граница како обврска на Осигурувачот и не подлежат на ревалоризација.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 9

(1) Договорувачот на осигурувањето / Осигуреникот е должен при склучување на договорот да му ги пријави на Осигурувачот сите околности што се од значење за оцена на ризикот, а што му се познати или не можеле да му останат непознати. Доколку истите не се пријавени Осигурувачот нема обврска за надомест по истите.

(2) Ако осигурениот случај настанал пред утврдување на неточноста или нецелосноста на пријавата, или по тоа, но пред раскинување на договорот односно пред постигнување на спогодба за зголемување на премијата, осигурената сума се намалува во размер помеѓу стапката на платените премии и стапката на премините што би требало да се платат според вистинскиот ризик.

(3) Ако посебно не е договорено и ако не е платена соодветна зголемена премија, договорените осигурени суми се намалуваат размерно со премијата што требало да се плати во однос на фактички платената премија, кога несреќниот случај ќе настане:

1. при управување и возење со авион и воздушни летала од сите видови, како и при спортски скокови со падобран;
2. при тренинг и учество на Осигуреникот во јавни спортски натпревари во својство на регистриран член на спортската организација и тоа: фудбал, хокеј на лед, ууи-ница, карате, бокс, скијање, рагби, скијачки скокови, алпинисти, подводен риболов, како и при автомобилски и моторциклички брзински трки, мотокрос, како и тренинзи за истите;
3. кај лица што претставуваат анормален ризик поради тоа што претрпеле некаква потешка болест или во моментот на склучување на договорот се потешко болни, или се оптоварени со вродени или здобиени потешки телесни мани или недостатоци.

(4) Како анормален ризик од точка 3 на претходниот став се сметаат лицата што имаат мани, недостатоци или болести поради кои нивната општа работна способност е намалена повеќе од 50% според Посебните услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици по осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), кои се составен дел на овие Услови.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 10

(1) Исклучени се сите обврски на осигурувачот ако несреќниот случај настанал:

1. поради земјотрес;
2. поради настан кој директно се припишува на војна, инвазија, чин на надворешниот непријател, воени движења или воените операции (без оглед дали е објавена војната или не), граѓанска војна, востание, буна или револуција, пресметка на банди и криминални групи, а притоа се повреди Осигуреникот;
3. при управување со воздушни летала од сите видови, пловни објекти, моторни и други возила без пропишана службена исправа која дава овластување на возачот за управување и возење со односниот вид и тип воздушно летало, пловен објект, моторно и друго возило;
4. поради обид или извршување на самоубиство на Осигуреникот од било кои причини;
5. поради тоа што Договорувачот на осигурувањето, Осигуреникот или Корисникот намерно го предизвикал несреќниот случај (незгода);
6. при договарање, обид или извршување на смислено кривично дело, како и при бегањето по таквото дејство и поради учество во тепачка;
7. поради постоење причинска врска на дејувањето на наркотични средства, лекарства или алкохолизираната состојба на Осигуреникот и настанувањето на несреќниот случај (незгода), при што се применуваат одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во случај Осигуреникот да одбие или избегне можност за утврдување на процентот на неговата алкохолизирана состојба, исклучена е обврската на Осигурувачот за надомест на штета по штетниот настан, односно настанатиот несреќен случај (незгода).

(2) Доколку Осигуреникот има хронична болест или тешка болест Договорувачот, односно Осигуреникот треба писмено со изјава да го извести Осигурувачот и по барање на Осигурувачот да достави потврда од лекар за да се оцени ризикот при прием во осигурување. Доколку Договорувачот / Осигуреникот не постапиле по истотот исклучена е обврската за надомест на штета.

(3) Договорот за осигурување е ништовен, ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигурениот случај, или бил во настанување или било извесно дека ќе настани, или ако веќе тогаш престанала можноста да настани, а уплатената премија се враќа на Договорувачот, намалена за трошоците на Осигурувачот.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА И ПОСЛЕДИЦИ ПОРАДИ НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

### Член 11

(1) Договорувачот е должен да ја плати премијата однапред, ако не е договорено поинаку. Ако е договорено да се плаќаат годишните премии во полугодишни, тримесечни или месечни рати, Осигурувачот има право на премија за целата година на траење на осигурувањето. Во случај на настанување на осигурениот случај покриен со полиста, премијата по полиста доспева веднаш во целост независно од начинот на кој е договорено да се врши плаќањето, а Договорувачот / Осигуреникот има оброка да ја уплати во моментот на пријава на штета. (2) Премијата му се плаќа на Осигурувачот во готово за што Осигуреникот е должен да ја земе фискалната сметка со назначен на неа број на полиста по која уплаќаса што денот на издавање на фискалната сметка се смета како ден на уплата, или премијата по полиста се уплатува преку пошта или банка со наведување на бројот на полиса за која се врши уплатата, и бројот на рата доколку плаќањето е на рати. Ако премијата се уплака преку пошта или банка, се смета дека е уплатена оној ден во кој е помината трансакцијата по налогот во банката, односно поштата. За секој ден на пречекорувањето на рокот Осигурувачот може да пресмета законска казнена камата во висина определена со прописи.

(2) Ако Договорувачот на осигурувањето не ја плати стасаната премија до договорениот рок, ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурувањето ќе престане по истекот на 30 дена, од денот кога на Договорувачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од Осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, со тоа што тој рок не може да измине пред да изминат 30 дена од денот на стасаноста на премијата.

(3) Ако осигурувањето престанало пред договорениот истек поради исплата на осигурената сума за во случај на смрт или целосен инвалидитет, договорената премија за целата тековна година на осигурувањето му припаѓа на Осигурувачот.

(4) Во другите случаи на престанок на договорот за осигурување пред договорениот рок, на

Осигурувачот му припаѓа премијата само до крајот на денот до кој траело осигурувањето.

(5) Осигурувачот има право утврдениот надомест при осигурен случај (или осигурената сума) да ја намали, во соодносот на уплатената премија и полисираната премија.

## ПРОМЕНА НА ЗАНИМАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ТРАЕЊЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 12

(1) Договорувачот, односно Осигуреникот е должен да ја пријави промената на занимањето и истата да ја потврди со соодветен документ.

(2) Ако промената на занимањето влијае врз големината на опасноста (ризикот), Осигурувачот во случај на зголемена опасност ќе предложи зголемена премија, а во случај на намалена опасност, намалување на премијата или зголемување на осигурените суми.

Вака определените осигурени суми и премијата важат од денот на настанатата промена на занимањето, а врз основа на писмеото известување на Договорувачот / Осигуреникот од страна на Осигурувачот.

(3) Доколку Договорувачот на осигурувањето не ја пријави промената на занимањето, ниту ја прифати зголемената, односно намалената премија во рок од 14 дена, а настани осигурен случај, осигурените суми ќе се намалат или зголемат во однос помеѓу платената премија и премијата што требало да се плати. Во случаи кога ризикот е зголемен до тој степен што Осигурувачот не би го примил лицето во осигурување, а Договорувачот / Осигуреникот не го пријавиле зголемувањето на ризикот, Осигурувачот има право во случај на настанување на осигурениот случај по промената на ризикот, да не исплати надомест по истиот.

## ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

### Член 13

(1) Осигуреникот што е повреден поради несреќен случај (незгода) е должен:

1. според можностите веднаш да се јави на лекар или најдоцна 3 дена од денот на настанатата незгода, односно да повика лекар заради преглед и укажување на потребна помош и веднаш да ги преземе сите потребни мерки заради лекување како и да се придржува на лекарски совети и упатства во поглед на начинот на лекувањето;
2. за несреќниот случај (незгода) писмено да го извести Осигурувачот кога е тоа можно според неговата здравствена состојба;
3. со пријавата на несреќниот случај (незгода) да му ги достави на Осигурувачот сите потребни известувања и податоци особено за местото и времето кога настанал несреќниот случај, потполн опис на настанот, име на лекарот што го прегледал, или што го лекува, наод на лекарот за видот на телесните повреди, за настанатите и евентуалните последици, како и податоци за телесни мани, недостатоци и болести што Осигуреникот евентуално ги имал уште пред настанувањето на несреќниот случај (чл. 9 став (3) точка 5 од овие Услови).

(2) Ако несреќниот случај (незгода) имал за последица смрт на Осигуреникот, Корисникот на осигурувањето е должен за тоа писмено да го извести Осигурувачот и за тоа да ги прибави потребните документи.

(3) Трошоците за лекарски преглед, извештаи (почетен и заклучен извештај на лекарот, повторен лекарски преглед и наод на специјалист) и другите трошоци што се однесуваат за докажувањето на несреќниот случај (незгода) и правата од договорот за осигурување, паѓаат на товар на подносителот на барањето.

(4) Осигурувачот има право да бара од Осигуреникот, Договорувачот, Корисникот или од кое и да е друго правно или физичко лице дополнителни објаснувања, како и на свој трошок да преземе потребни мерки заради лекарски преглед на Осигуреникот преку свои лекари, лекарски комисии и здравствени организации за да се утврдат важните околности во врска со пријавениот несреќен случај (незгода).

(5) Доколку несреќниот случај (незгода) е последица на сообраќајна незгода, Осигуреникот е во обврска истиот да го пријави на надлежниот орган (МВР) и задолжително да достави до Осигурувачот Полициски записник за увид на лице место, како и доказ за извршен алко тест, доколку Осигуреникот бил возач или совозач, ученик во незгодата.

(6) На барање на Осигурувачот, Договорувачот на осигурувањето / Осигуреникот е должен да му овозможи на Осигурувачот увид во целокупната евиденција која што самиот ја води, вклучувајќи го и

списокот на Осигуреници кои се опфатени со овој вид на осигурување, како и негова задолжителна достава, а се ова поради важни околности во врска со осигурениот случај.

## УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА КОРИСНИКОТ

### Член 14

(1) Ако поради несреќниот случај (незгода) Осигуреникот починал, Корисникот е должен да ја поднесе полиста, доказ за уплатената премија и доказ дека смртта настанила како последица на несреќен случај (незгода). Корисникот кој со договорот за осигурување не е изрично предвиден, должен е да поднесе и доказ за своето право на примање на осигурената сума.

(2) Ако несреќниот случај (незгода) имал за последица инвалидитет на Осигуреникот, тој е должен да поднесе: полиса, доказ за уплатена премија, доказ за околноста за настанување на несреќниот случај и медицинската документација - доказ за останатите последици за определување на конечниот процент на трајниот инвалидитет.

Медицинската документација задолжително треба да содржи: почетната документација од првиот лекарски преглед по незгодата и сите лекарски извештаи и наоди издадени во тек на лекувањето.

Доколку лицето – Осигуреникот е вработено во медицинска установа и/или има директна или индиректна поврзаност со

некоја здравствена установа, доколку се случи штетен настан по ризик покриен со полиста, документацијата нема да биде валидна поради спречување на конфликт на интереси.
Задолжително со документацијата се доставува Изјава потпишана под полна морална, материјална и кривична одговорност од Осигуреникот за немаење директна или индиректна поврзаност со институцијата од која е обезбедена лекарската документација.
(3) Конечниот процент на инвалидитетот го определува Осигурувачот според Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) (во натамошен текст: Табела). Доколку некое телесно оштетување не е предвидено во Табелата, процентот на инвалидитет се определува во согласност со слични оштетувања што се предвидени во Табелата.
Индивидуалната способност, социјалната положба или занимање (професионална способност) на Осигуреникот, не се земаат предвид при определувањето на процентот на инвалидитетот.
(4) Кај повеќекратните повреди на одделни делови, р'бет или органи, вкупниот инвалидитет врз определен дел или орган се определува така што за најголемо оштетување се зема процентот предвиден во Табелата, од следното најголемо оштетување се зема половина од процентот предвиден во Табелата, по ред 1/4 и 1/8 и т.н. Вкупниот процент не може да го надмине процентот што е определен со Табелата на инвалидитет за потполно губење на тој дел или орган. Последиците од повреда на прстите се собираат без примена на горниот принцип.
(5) Во случаите на загуба на повеќе делови или органи поради еден несреќен случај (незгода)процентите на инвалидитет за секое одделен дел или орган се собираат.
(6) Ако збирот на процентите на инвалидитетот според Табелата поради загуба или оштетување на повеќе делови или органи, поради еден или повеќе несреќни случаи изнесува над 100%, исплатата не може да биде повисока од осигурената сума што е договорена за во случај на потполн инвалидитет.
(7) Ако Осигуреникот имал траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на Осигурувачот се определува за новиот инвалидитет, независно од поранешниот, освен во следните случаи:

1. ако новиот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет, обврската на Осигурувачот се утврдува според разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и поранешниот процент,
2. ако новиот несреќен случај предизвикал загуба или повреда на еден од порано повредените делови или органи, обврската на Осигурувачот се утврдува само за зголемениот инвалидитет.
(8) Ако Осигуреникот поради несреќен случај е привремено непособен за работа должен е за тоа да достави потврда од лекарот што го лекувал.
Ова потврда (извештај) мора да содржи: лекарски наоди со поттолна дијагноза, точни податоци кога започнало лекувањето и од кој до кој ден Осигуреникот не бил способен да го врши своето редовно занимање.
Во случај кога лицето работи во здравствена установа и/или постои директна или индиректна поврзаност со некоја здравствена установа, заради спречување на конфликт на интерес истата треба да биде издадена од друга здравствена установа.
За Осигуреници кои не се во работен однос не следува надомест за привремената непособност за работа (дневен надомест).

## ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНАТА СУМА

### Член 15

(1) Осигурувачот му ја исплатува осигурената сума, односно соодветен дел или договорен надомест на Осигуреникот, односно на Корисникот, во роковите пропишани со закон, односно најдоцна 14 дена по комплетирањето на документацијата и утврдување на основаноста и висината на барањето.
(2) Се смета дека исплатата на надоместокот е извршена кога е помината трансакцијата по налогот во банката, односно поштата
(3) Во случај кога премијата за осигурување не е редовно уплатувана од страна на Договорувачот на осигурувањето или Осигуреникот, Осигурувачот при настанат осигурен случај во периодот на траење на осигурувањето е во обврска да исплати пропорционално утврден надомест од осигураната сума сразмерно на уплатената премија за осигурување, а Договорувачот има обврска да ја уплати во моментот на пријава на штета целокупната доспеана, а неплатена премија.
(4) Осигурувачот е должен да ја исплати договорената осигурена сума, односно надоместот само ако несреќниот случај (незгода) настанал за времетраење на осигурувањето и ако последиците на несреќниот случај се предвидени во членот 8 од овие Услови.
(5) Процентот на инвалидитет се определува според Табелата по завршеното лекување во времето кога кај Осигуреникот во однос на претрпените повреди и настанати последици, настапила состојбата на стабилизацијата, т.е. кога според лекарското предвидување не може да се очекува дека ќе се подобри или влоши состојбата. Ако таа состојба не настани ниту по истекот на 3 години од денот на настанувањето на несреќниот случај (незгода), како конечна се зема состојбата по истекот на овој рок и спрема неа се определува конечниот процент на инвалидитетот.
(6) Доколку за утврдување на висината на обврската на Осигурувачот е потребно одредено време, Осигурувачот е должен по барање на Осигуреникот да му го исплати износот што неспорно одговара на процентот на инвалидитетот за кој веќе тогаш врз основа на медицинската документација може да се утврди дека ќе остане трајна.
Осигурувачот нема да исплати аконтација, ако пред тоа не е утврдена неговата обврска со оглед на околностите под кои настанал несреќниот случај.
(7) Ако Осигуреникот почине пред истекот на една година од денот на настанувањето на несреќниот случај од последиците на истиот несреќен случај, а конечниот процент на инвалидитет бил веќе утврден, Осигурувачот го исплатува износот што е определен за случај на смрт, односно разликата помеѓу осигурената сума за случај на смрт и износот што бил исплатен пред тоа на име инвалидитет, доколку таква разлика постои.
(8) Ако конечниот процент на инвалидитетот не бил утврден, а Осигуреникот почине поради истиот несреќен случај, Осигурувачот ја исплатува осигурената сума определена за случај на смрт, односно само разликата помеѓу таа сума или евентуално веќе исплатениот дел (аконтација), но само тогаш ако Осигуреникот починал најдоцна во рок од три години од денот на настанувањето на несреќниот случај (незгода).
(9) Ако пред утврдувањето на конечниот процент на инвалидитетот во рок од 3 години од настанувањето на несреќниот случај (незгода) настани смрт на Осигуреникот од која и да е друга причина освен наведената во претходниот став на овој член, висината на обврската на Осигурувачот од основот на инвалидитетот се утврдува врз основа на постојната медицинска документација.
(10) Ако несреќниот случај (незгода) има за последица привремена непособност за работа на Осигуреникот, а во договорот за осигурување е предвидена за во тој случај исплата на дневен надомест, Осигурувачот му го исплатува на Осигуреникот овој надомест во договорената висина од првиот ден што следи по денот кога е започнато лекувањето кај лекарот или кај здравствената установа, до последниот ден на траењето на работната неспособност, односно до денот на смртта или утврдувањето на инвалидитетот, но најмногу за 200 дена.
Бројот на деновите за кои се исплатува дневен надомест за определен вид на повреда која е јасно дефинирана во Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај „ се утврдува врз основа на лекарската потврда - извештај од член 14 став (8) на овие Услови, но најмногу до бројот на деновите определени за тој вид на повреди во Табелата на дневен надомест.
Ако работната неспособност е продолжена од било кои здравствени причини, Осигурувачот е должен да исплати дневен надомест само за времетраење на боледувањето предизвикано исклучиво од несреќниот случај, без разлика дали боледувањето било со полно или со скратено работно време. Правото на дневен надомест престанува со денот на почеток на работата било да е истата со полно или со скратено работно време.
(11) Трошоци за лекување се предмет на исплата само доколку се однесуваат на повреди кои се опфатени со Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) и кои се поткрепени со извештај од лекар.
(12) Ако несреќниот случај (незгода) има за последица нарушување на здравјето на Осигуреникот кое бара лекарска помош, а е договорен и надомест на трошоци за лекување, без разлика на тоа дали има и некакви други последици, Осигурувачот му исплатува на Осигуреникот, надомест на сите фактички и нужни трошоци за лекување (според поднесените докази) сторени надолго во текот на една година од денот на настанувањето на несреќниот случај (незгода), а најдоцке до договорениот износ – осигурената сума за случај на трошоци за лекување.
(13) Во трошоците за лекување според претходниот став спаѓа и набавката на вештачки колкови и замена на заби, најмногу до бројот на заби утврден со табелата, како и набавка на други помагала, ако сето тоа е потребно според оценката на лекарот.
(14) Осигурувачот не е должен да ги надомести трошоците за лекување, ако Осигуреникот има право на бесплатно лекување во здравствена организација, односно тој е во обврска само за надомест на оној дел на трошоците за лекување што ги плаќа Осигуреникот од лични средства според одредбите на Законот за здравствена заштита, а до износот определен со акт на надлежното министерство на Република Македонија (освен при сообраќајна незгода, доколку правното лице кое врши работи на пензиско или инвалидско осигурување ќе истакне барање за надомест на средства потрошени за лекување и други трошоци за згрижување). Ќе се признаваат трошоците сторени во здравствени организации во приватна сопственост освен трошоци за партиципација, како и не се признаваат трошоци за направени хируршки интервенции, што значи дека сите овие трошоци паѓаат на товар на Осигуреникот. Не се признаваат и сторени трошоци за бањско лекување.
(15) Доколку настани смрт на Осигуреникот или инвалидитет како подоцнежна последица од настанатиот несреќен случај (незгода), Осигурувачот му го исплатува на Корисникот, односно на

Осигуреникот, износот на осигурената сума предвиден за таквите случаи без разлика на исплатениот дневен надомест за преодна неспособност за работа и исплатениот надомест на трошоци за лекување.

## КОРИСНИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 16

(1) Корисник за случај на смрт на Осигуреникот се утврдува во полиста за осигурување.
(2) Ако во полиста или во Дополнителните услови не е поинаку или воопшто и не е ништо предвидено, како корисници за случај на смрт на Осигуреникот се сметаат:
1. децата и брачниот другар на Осигуреникот на еднакви делови, а доколку децата не се живи нивните потомци според правото на преставување;
2. ако нема деца ниту нивни потомци, брачниот другар на едната половина, а родителите на другата половина, односно оној родител кој што во моментот на исплатата е жив;
3. ако нема ни брачен другар, само родителите, односно на оној родител кој што во моментот на исплатата е жив;
4. ако ги нема лицата наведени во претходните точки, другите законски наследници врз основа на судска одлука.
(3) Брачен другар се смета лицето што било во брак со Осигуреникот во моментот на неговата смрт.
(4) Во случај на инвалидитет, краткотрајна неспособност за работа, како и надомест на трошоците за лекување, Корисник е самиот Осигуреник, доколку ве е договорено поинаку во договорот за осигурување, односно полиста.
(5) Ако Корисник на осигурувањето е малолетно лице, исплатата на осигурените суми и надоместоците ќе се изврши на неговите родители, односно на старателот, а Осигурувачот има право да бара од наведените лица за таа цел претходно да поднесат овластување за прием на износот на осигурената сума, односно надоместот.

## ПОСТАПКА НА ВЕШТАЧЕЊЕ

### Член 17

(1) Во случај Осигурувачот и Осигуреникот или Договорувачот, односно Корисникот да не се согласат во поглед на видот и обемот на последиците на несреќниот случај (незгода), или во поглед на тоа дали и во кој обем повредата на Осигуреникот е во причинска врска со несреќниот случај (незгода), утврдувањето на овие факти може да им го доверат на двајца вештаци - лекари, од кои едниот го именува Осигурувачот, а другиот спротивната страна. Вештаците-лекари мора да бидат од специјалност соодветна на природата на повредата што е предмет на вештачење. Пред вештачењето овие двајца вештаци избираат трет вештак, кој ќе даде свое стручно мислење и тоа само во врска со прашањата што ќе останат спорни меѓу нив и во границите на нивните проценки.
(2) Секоја страна ги плаќа трошоците на вештакот што го именува, а на третиот вештак ги плаќаат обете страни по половина.

## ОТКАЗ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 18

Ако осигурувањето е склучено на рок подолг од пет години, секоја страна може по изминувањето на овој рок, со отказен рок од шест месеци, писмено да изјави на другата страна дека го раскинува договорот.

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

### Член 19

(1) Побарувањата од Договорувачот на осигурувањето, Осигуреникот, односно Корисникот од договорот за осигурување од незгода застаруваат за три години, сметајќи од првиот ден по истекот на календарската година во која настанало побарувањето.
(2) Ако заинтересираното лице докаже дека до денот определен во претходниот став не знаело дека настанал осигурениот случај, застарувањето почнува од денот кога дознало за тоа, со тоа што во секој случај побарувањето застарува за пет години од денот определен во претходниот став.
(3) Побарувањата на Осигурувачот по договорот за осигурување застаруваат за три години.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 20

**Постапка по приговори**
Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

## ТАБЕЛА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОЦЕНТ НА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

(1) Во смисла на член 21 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) оваа Табела за определување процент на траен инвалидитет (во понатамошен текст: Табела на инвалидитет) е составен дел на Општите услови и на секој подделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај кој Договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје.
(2) Како траен инвалидитет во смисла на оваа Табела на инвалидитет се смета трајна, иреверзибилна состојба на нарушување на нормалната функцијата на дел, односно орган на телото.
(3) Во осигурувањето на лица од последици на несреќен случај (незгода), во случај на траен инвалидитет исклучиво се применува процентот одреден со оваа Табела на инвалидитет.
(4) Во случај на повреда, конечниот инвалидитет се определува најрано три месеци по завршеното целокупно лекување кога кај осигуреникот во однос на претрпените повреди настанува состојба на стабилизација, со исклучок кај ампутација и точките од Табелата каде поинаку е определено. Псевдоартроза и хроничен фистулозен остеомијелитис се оценува по дефинитивното оперативно и физикално лекување. Ако тоа не се завршил ниту во рок од 3 години од денот на повредата, тогаш како конечна се зема состојбата по истекот на овој рок и според него се определува процентот на инвалидитетот.
(5) Кај повеќекратните повреди на одделни делови, р'бетот или органите, вкупниот инвалидитет на одреден дел, р'бет или орган се определува така што за најголема последица на оштетувањето се зема полниот процент предвиден во Табелата, од следното најголемо оштетување се зема половина од процентот предвиден во Табелата по ред 1/4, 1/8 итн. Вкупниот процент не може да го надмине процентот кој е одреден со Табелата на инвалидитет за потполна загуба на тој дел или орган.
Задолжително компаративно мерење со артрометар.
(6) Ако осигуреникот имал траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на осигурувачот се одредува според новиот инвалидитет, независно од поранешниот, освен во следниве случаи:
а) ако новиот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет, обврската на осигурувачот се утврдува за разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и поранешниот процент,
б) ако новиот несреќен случај предизвикал загуба или повреда на еден од порано предвидените делови или органи, обврската на осигурувачот се утврдува само за зголемениот инвалидитет.
(7) Оценките за инвалидитет за различни последици на еден зглоб на горните и долните екстремитети не се собираат, а инвалидитетот се одредува по оната точка која дава поголем процент со исклучок кај коленатa каде се применува принципот од точка 5., со тоа што збирот не може да го надмине процентот 30% инвалидитет.
(8) При примена на одредени точки од Табелата за инвалидитет, за една последица, на исти органи или екстремитети се применува оната точка која одредува највисок процент, односно не е дозволена примена на две точки за исто функционално оштетување, односно последица.
(9) Во случај на загуба на повеќе делови или органи при еден несреќен случај процентите на инвалидитет за секој подделен дел или орган се собираат, но не може да изнесуваат повеќе од 100%.
(10) Доколку за инвалидитетот изразен преку одредена точка од Табелата е предвидено постоење на повеќе степени на оштетувања (а,б,в), исклучиво право на лекарот – цензор е да го процени инвалидитетот во рамки на дефинираната точка и доколку е предвиден процент на инвалидност во одреден распон , исто така исклучиво право е на лекарот –цензор да го утврди процентот на трајната загуба спрема стручната проценка.
(11) Субјективните тешкотии во смисла на намалување на мускулната моторна сила, болки и оток на местото на повредата не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на траен инвалидитет. Индивидуалните способности, социјалната положба или занимање (професионална способност) на осигуреникот не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на инвалидитет.

## I. ГЛАВА

| | |
|---|---|
| 1. Дифузно оштетување на мозокот со клинички утврдена слика на декортикација или децеребрации | 90% |
| 2. Псевдобулбарен синдром | 80% |
| 3. Пострауматска епилепсија со зачестени напади и карактеристични промени на личноста, болнички евидентирани, по болничко лекување со соодветни испитувања | 70% |
| 4. Жаришни оштетувања на мозокот со болнички евидентирани последици на психоорганскиот синдром, со наод на психијатар и психолог по болничкото лекување со соодветни испитувања: | |
| а) во лесен степен | 15% |
| б) во среден степен | 25% |
| в) во силен степен | 35% |
| 5. Хемипареза или дисфазија: | |
| а) во лесен степен | 10% |
| б) во среден степен | 15% |
| в) во силен степен | 25% |
| 6. Оштетувања на малиот мозок со адиодохокинеза и асинергија | 15% |
| 7. Епилепсија | |
| а) без напади со редовна медикација | 5% |
| б) со ретки напади со медикација | 10% |
| 8. Контузиони повреди на мозокот: | |
| а) постконтузионен синдром со постоење на објективен невролошки наод по болнички утврдена контузија на мозокот | 5% |
| б) операциран интрацеребрален хематом без невролошки испади | 5% |
| 9. Состојба по трепанација на черепот со коскен деформитет : | |
| а) трепанација | 2% |
| б) крушеење | 3% |
| 10. Посткомоционален синдром по болнички или амбулантно утврден потрес на мозокот без постоење на објективни невролошки наоди со изворна медицинска документација добиена во рок од 24 часа по повредата и дополнителна медицинска документација за текот на лекувањето со задолжителен наод од неурохирург | 1% |
| 11. Загуба на коса над 1/3 од површината на коса | 2% |
| б) Загуба на коса на половина од површината на коса | 4% |
| в) Загуба на целата коса | 6% |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Патолошките состојби на мозокот кои довеле до промени во мозокот не се опфатени со осигурување.
2. Сите форми на епилепсија мораат да бидат утврдени болнички со примена на современи дијагностички методи.
3. Кај различните последици од повреда на мозокот при еден несреќен случај процентите на инвалидитет не се собираат туку се одредува процент само по точката која е најповолна за осигуреникот.
4. Трајниот инвалидитет за сите случаи кои спаѓаат под точките од 1 до 11 се определува најрано 10 месеци по повредата.

## II. ОЧИ

| | |
|---|---|
| 12. Потполна загуба на видот на обете очи | 100% |
| 13. Потполна загуба на видот на едно око | 33% |
| 14. Ослабување на видот на едно око: - за секоја десетина на смалување | 33% |
| 15. Во случај на другото око видот да е ослабен поради траума, за повеќе од 3 десетини, се определува | 3,6% |
| 16. Диплопија како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око: | |
| а) екстерна офталмоплегија. | 3% |
| б) тотална офталмоплегија | 6% |
| 17. Загуба на очно сочиво: | |
| а) афакија – едностранa | 7% |
| б) афакија – двостранa | 11% |
| 18. Делумно оштетувања на мрежницата и стаклестото тело, опациталес коропорис витреи како последица на травматско крвавење во стаклестото тело на окото | 2% |
| 19. Мидријаза како последица на директна траума на окото | 2% |
| 20. Непотполна внатрешна офталмоплегија | 5% |
| 21. Повреда на солзниот апарат и очните капаци | |
| а) епифора | 1% |
| б) ентропиум, ектропиум | 2% |
| в) птоза на капаците | 1% |
| 22. Концентрично стеснување на видното поле на преостанатото око: | |
| а) до 60 степени | 5% |
| б) до 40 степени | 15% |
| в) до 20 степени | 20% |
| г) до 5 степени | 30% |
| 23. Едностранo концентрично стеснување на видното поле: | |
| а) до 50 степени | 3% |
| б) до 30 степени | 10% |
| в) до 5 степени | 20% |
| 24.Хомонимна хемианопсија | 20% |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Инвалидитет по аблација ретине се определува по точките 14, 15 или 18.
2. Повредата на очната јаболкница која предизвикала аблације ретине мора да биде болнички дијагностицирана.
3. Оцената на оштетувањата на очите се врши по завршеното лекување со исклучок по точките 16 и 20, за кои минималниот рок изнесува една година по повредата.

## III. УШИ

| | |
|---|---|
| 25. Потполна глувост на обете уши со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган | 10% |
| 26. Потполна глувост на обете уши со згаснати калорични реакции на вестибуларниот орган | 15% |
| 27. Ослабен вестибуларен орган со уреден слух | 1% |
| 28. Потполна глувост на едно уво со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган | 5% |
| 29. Потполна глувост на едно уво со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган на тоа уво | 10% |
| 30 Обострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган обострано: | |
| - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине: | |
| а) 20-30% | 1% |
| б) 31-60% | 3% |
| в) 61-85% | 6% |
| 31. Обострана наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган: | |
| - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине: | |
| а) 20-30% | 2% |
| б) 31-60% | 6% |
| в) 61-85% | 10% |
| 32. Еднострана тешка наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган: | |
| - загуба на слухот на ниво од 90-95 децибели | 3% |
| 33. Еднострана тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган: | |
| - загуба на слухот на ниво од 90-95 децибели | 3% |
| 34. Повреда на ушната школка: | |
| а) делумна загуба или делумна деформација | 2% |
| б) потполна загуба или потполна деформација | 4% |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За сите случаи од ова поглавје инвалидитетот се определува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата, со исклучок на точката 34, која се оценува по завршеното лекување.

## IV. ЛИЦЕ

| | |
|---|---|
| 35. Белезно деформирачки оштетувања на лицето со функционални пречки и/или постраврматски деформитети на коските на лицето: | |
| а) во лесен степен | 1% |
| б) во среден степен | 3 % |
| в) во силен степен | 8 % |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За козметичките и естетските белези на лицето не се одредува инвалидитет.

| | |
|---|---|
| 36. Ограничено отворање на уста: | |
| а) растојание на горните и долните заби - до 4 см. | 2% |
| б) растојание на горните и долните заби - до 3 см | 3% |
| в) растојание на горните и долните заби - до 1,5 см | 5% |
| 37. Дефекти на виличните коски на јазикот или непцето со функционални пречки | |
| а) во лесен степен | 2% |
| б) во среден степен | 4% |
| в) во силен степен | 6% |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За случаите по точките 36, 37 и 38 инвалидитет се одредува по завршеното лекување не порано од 6 месеци по повредата.

| | |
|---|---|
| 38. Загубата на постојните заби рентгенски потврдено, со стоматолошки преглед најмногу до 10, за секој заб | 0,5% |
